**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До:** **ЈП Македонска радиотелевизија**

**За:** **Членовите на Програмскиот совет**

**Бр. 03-2352/1**

**Скопје 03.05.2017г.**

Почитувани,

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, го повикува Програмскиот совет на МРТ, како орган кој има законска обврска да ги штити интересите на јавноста во поглед на програмските содржини што ги емитува Јавниот сервис, да го преразгледа известувањето на МРТ во врска со случувањата во Собранието на РМ од 27 април 2017 година.

При мониторингот на известувањето на радиодифузерите за овие настани Агенцијата воочи дека има потреба Програмскиот совет, како надлежен да го следи исполнувањето на програмските обврски, начела и стандарди кај МРТ, да го разгледа известувањето на МРТ од аспект на должностите на Јавниот сервис, утврдени во членовите 110 и 111 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Ова особено се однесува на обврските:

- да обезбеди постојано, вистинито, целосно, непристрасно, праведно и навремено информирање за сите важни политички и други настани и случувања во Република Македонија,

- да ја промовира и унапредува културата на јавен дијалог и да овозможи арена за широка јавна дебата по прашања од јавен интерес, како и

- да обезбеди непристрасни, сеопфатни и важни информации и истите да ги презентира јасно, недвосмислено и на начин на кој граѓаните ќе имаат можност слободно да го формираат своето мислење.

Ваквиот повик се должи пред сè поради тоа што Јавниот сервис не обезбеди навремено информирање за настаните во Собранието, делови од репортерските јавувања не беа во согласност со улогата и функциите на јавен радиодифузен сервис и не беа организирани актуелно-информативни програми во кои ќе се дебатира за овие општествено-политички случувања кои се од исклучителен јавен интерес.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

..................................................

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**
**Република Македонија**

**Тел. + 389 2 3103 400**

**www.avmu.org.mk**
**www.avmu.mk**
**contact@avmu.mk**

**МКД СЕРТИФИКАТ**
**МКС EN ISO 9001:2009**